## ЕМИСИЈАТА „ДЕНОВИВЕ ПРЕД ГОДИНИ“ НА РАДИО-СКОПЈЕ И НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Во реализирањето на наставниот план и програмата по историја можат да се користат голем број институции и установи, а меѓу нив и радио-емисиите и тоа не само „училишните“ ами и другите. Посебно ќе ја истакнам корисноста на емисијата „Деновиве пред години“ која е на програмата на Радио-Скопје секој ден во 6 часот и 30 минути.

Оваа емисија ја слушам речиси секој ден и честопати ми се случувало во тој ден на часовите по историја да го разработувам истиот настан за кој во горенаведената емисија станувало збор. По тој начин не само што методската единица ја обогатувам со нови содржини, затоа што не ретко во овие емисии се соопштуваат нови детали до кои дошле истражувачите, а тие сé уште не допреле до нас, па на тој начин доаѓа не само до содржинско обогатување ами и на известен начин и до осовременување на настанот.

По долгогодишното следење на емисијата и правење споредба со методските единици кои сум ги изведувал на часовите по историја, сум констатирал дека некои ми се поклопувале и рационално сум ги користел во наставата. Како пример ќе ги наведам следниве. Така на пример, на 4 мај во емисијата на Радио-Скопје се говори за Смилевскиот конгрес, смртта на Гоце Делчев и друго, а јас истиот ден во III-те класови на гимназиите од општествено-јазичната насока ја изведував методската единица на истата тема. Понатаму, на 8 мај во емисијата се говори за Разловечкото востание, а во II-те класови од природно-математичката насока во истиот ден ја обработував истата, односно методската единица со истата содржина. На 9 мај во емисијата по повод „Денот на победата“ содржината се поклопува со методската единица „Придонесот на Југославија во Втората светска војна“ која се предава во III-те класови од природно-математичката насока. На 30 мај во емисијата се говори за „Лондонскиот мир“ со кој завршува I-та Балканска војна, а токму во тој ден ја изведував методската единица за Балканските војни во III-те класови од општествено јазичната и II-те класови од природно-математичката насока.

Ова е само еден дел и тоа мал од емисиите кои сум ги користел во наставата, а тие се толку содржајни што наставникот може да се користи со нив и да им ги препорачува на учениците редовно да ги слушаат, бидејќи на тој начин си го збогатуваат знаењето по историја.

Ова е уште еден корисен начин како можат радио-емисиите да користат во наставата, што не ги исклучува и другите можности.

**Ј. М.**